


Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Северна Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата.

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

Во одделот Информатички и телекомуникациски технологии потребен/а е инженер/ка кој/а ќе има клучна улога во реализирањето на нашите проекти.

# СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ИТ (System Administrator) (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Инсталација, конфигурација и одржување на серверска инфраструктура, системи за складирање и архивирање на податоци, активна мрежна опрема,
- Комуникација и поддршка на крајните корисници во процес на надградба на постоечките работни процеси и имплементација на нови бизнис барања,
- Идентификација, подготовка и имплементација на софтверски решенија/апликации со соодветна хардверска подршка за развој,
- Спроведување на процедури за редовно поставување на резервни копии (Back Up) на податоците и компјутерските системи како и обнова во случај на потреба,
- Решавање на проблеми со конфигурација на софтвер и/или хардвер на крајните корисниците.
- Анализи, пресметки, истражувања, избор и нарачка на опрема, конфигурација, тестирање и пуштање во работа

**Потребни компетенции**

- Високо образование (Електротехника или Компјутерски технологии),
- Искуство во инсталација, конфигурирање и одржување на нови технологии
- Искуство во работа со Microsoft технологии: Active Directory, Exchange, O365, SQL Server, Azure, PowerShell,
- Искуство во извршување на Level 3 поддршка,
- Познавање на работа со NAS и SAN,
- Познавање на методологии за водење на ИКТ проекти: ITIL, COBIT, ISO 20000, ISO 27000,
- VCTA, VCP, MS сертификација ќе се смета за предност,
- Одлично познавање на Англиски јазик,
- Релевантно работно искуство најмалку 4 години,
- Доверливост, исполнителност, иницијативност, високи аналитички способности, комуникативност, тимска работа

Доколку сте заинтересирани за кариера во Електродистрибуција, на jobs.elektrodistribucija@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 22.04.2021.

**Напомена**: Доколку сакате Вашите податоци да бидат зачувани во нашата база на податоци согласно Законот за заштита на лични податоци, покрај биографијата и мотивациското писмо треба да испратите и изјава за дозвола за користење на лични податоци за потребите за вработување која ќе ја најдете на следниот линк https://www.evn.mk/Careers.aspx.

Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ensure обезбедува · encourage охрабрува · enable овозможува